РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
УПП Број: / Numer: 03-25
22.10.2026 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

До

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

ул. Македонија бр.38
1000 Скопје

Предмет: Одговор на Претставка

Почитуван,

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги ја разгледа Вашата Претставка (наш број УПП 03-25 од 13.10.2026 г.), во којашто реагирате на користењето вештачка интелигенција при нахсинхронизацијата на турската серија „Бурни времиња", што се емитува на Телевизија Алфа. Во претставката се осврнувате и на репризите на сериите од страна на телевизијата, јазикот и правата од интелектуална сопственост.

Ве информираме дека употребата на вештачката интелигенција во програмите на радиодифузерите се уште не е правно регулирана во домашното законодавство. Во европски рамки, во сила е Актот за вештачка интелигенција на ЕУ, документ со којшто постепено ќе треба да се хармонизира и нашето домашно законодавство, во повеќе сфери. Самиот Акт не го попречува користењето на вештачката интелигенција во радиодифузијата, туку поставува генерални насоки до кои треба во иднина да се придржуваат земјите членки на ЕУ, како и аспирантите за членство при усогласувањето на домашните правни акти. Во таа насока, за употребата на вештачката интелигенција во аудиовизуелни содржини, клучна одредба е член 50 од Актот за вештачка интелигенција, кој се однесува на обврските во поглед на транспарентноста на давателите на одредени системи за вештачка интелигенција и на субјектите кои ги користат тие системи. Во ставот 4 (од член 50) е утврдено дека субјектите што користат систем за вештачка интелигенција кој генерира или манипулира со слики, со аудио содржини или со видео содржини што претставуваат deep fake, мора да наведат дека содржината е вештачки генерирана или дека со нејзе е манипулирано. Во истиот став (4) се прават дополнителни отстапки во поглед на транспарентноста (означувањето на содржините) доколку станува збор за содржини генерирани или манипулирани со помош на вештачка интелигенција, а кои се дел од очигледно уметнички, креативни, сатирични, играни или аналогни дела или програми. Во таква ситуација, обврските во поглед на транспарентноста се ограничени на тоа, содржината генерирана или манипулирана со вештачка интелигенција, да биде означена на соодветен начин што нема да го попречува прикажувањето на тоа дело или уживањето во него.

Во конкретниот случај со серијата „Бурни времиња", Телевизија Алфа ја испочитувала обврската за транспарентност, означувајќи дека во нахсинхронизацијата на

серијата е користена вештачка интелигенција. На крајот од секоја епизода текстуално е наведено дека карактерите во серијата се во целост процесирани со вештачка интелигенција.

Во однос на прашањето за репризите на сериите на телевизијата, Ве информираме дека, согласно одредбите од член 47-а став 1 алинеја 13 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (ЗААВМУ), уредниците, новинарите и другите автори во радиодифузерите се самостојни, независни и одговорни при создавањето на програмите и креирањето на уредувачката политика. Осмислувањето на програмската понуда е исклучиво во надлежност на самите уредништва во телевизиите. Тие самостојно и независно одлучуваат за целокупната нивна програмска понуда, вклучително и за бројот на репризни изданија на емисиите, сериите и за другата програма. Агенцијата на никој начин не смее да се меша во креирањето на програмската понуда на било кој медиум, почитувајќи го нивното законско и уставно загарантирано право.

Радиодифузерите немаат законски ограничувања за бројот на репризи. Колку пати некои содржини ќе бидат репризирани зависи исклучиво од уредувачката политика на самиот медиум како и од склучените договори со имателите на права за конкретните програми.

Што се однесува до другите аспекти од Вашата претставка, а кои се однесуваат на употребата на македонскиот литературен јазик и правата од интелектуална сопственост / заштита на личните податоци, Ве информираме дека во изминатиот период до Агенцијата беа доставени и други претставки од гледачи коишто реагираа по истите прашања. Со оглед на тоа дека Агенцијата нема законски можности за постапување по тие прашања, претставките беа препратени до соодветните институции во чија надлежност се прашањата, Министерството за култура на Република Северна Македонија и Агенцијата за заштита на личните податоци.

Ви благодариме за претставката, за неа, во анонимизирана форма, ќе биде известена и ТВ Алфа и ќе биде објавена на веб страницата на Агенцијата avmu.mk.

Срдечен поздрав,

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

Директор

д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ